Република Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје
Јавна научна установа Институт за фолклор
Марко Цепенков
Бр. 03-587
19.12 2023 год.
Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ
за самоевалуација на институцијата и студиската програма по Фолклористика на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје

Скопје, декември 2023

СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Цели, начин на остварување и елементи на процесот на самоевалуација
3. Опис на Институтот
4. Научноистражувачка дејност
5. Наставно-образовна дејност
   5.1 Студии
   5.2 Студенти
   5.3 Студентска анкета
6. Ангажираност на наставниот кадар во втор и трет циклус на студии коишто се во редовен работен однос во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
7. Меѓународна соработка
8. Просторни и технички услови за студирање
9. Библиотека и библиотечен фонд и Архив
10. SWOT-анализа
11. Заклучни согледувања

## 1. Вовед

Врз основа на членовите 50 и 55 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 28 од 8.5.2018), член 353 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/од јуни 2019 годна) и член 47 и 48 од Статутот на ЈНУ Институт за фолклор за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Советот на Институтот, на седницата одржана на 25.9.2023 година, формира комисија за самоевалуација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје во следниов состав:

1. Д-р Катерина Петровска-Кузманова – претседател
2. Д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска, научен советник – член
3. Д-р Актан Аго, виш научен соработник – член
4. Д-р Кристина Димовска, виш научен соработник – член
5. Д-р Стојанче Костов, научен соработник – член
6. М-р Мелита Ивановска, докторанд – член
7. Дамјан Серафимовски, магистранд – член

Основна цел на процесот на самоевалуацијата е мониторинг и анализа на сите релевантни сегменти од работењето на секоја научноистражувачка и високообразовна институција. Затоа, самоевалуацијата се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована на релевантни квантитативни параметри кои понатаму претставува база за донесување на прецизни и јасни констатации и заклучоци темелени врз факти.

## 2. Цели, начин на остварување и елементи на процесот на самоевалуација

Основна цел на самоевалуацијата е да се изврши проценка на квалитетот на наставно-образовниот процес на втор и трет циклус студии на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Исто така како една од целите на процесот на самоевалуација е да се покаже влијанието на научоистражувачката работа врз наставно-образовниот процес. Мониторингот при евалуацијата е извршен преку анализа на шест главни параметри кои опфаќаат опис на Институтот, научноистражувачка дејност во Институтот и нејзиното влијание во осовременувањето на наставата, ангажираноста на наставниот кадар, податоци поврзани со студентите, осврт врз работењето на библиотеката и Архивот како и меѓународната соработка на Институтот со другите институции. Во насока на остварувањето на задачите и плановите за развој на Институтот во процесот на самоевалуацијата е направена SWOT анализа со цел да се покажат силните и слабите страни во работата и пречките во реализацијата на зацртаните насоки за подобрување на работата.

## 3. Опис на Институтот

Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје е една од најстарите институции во Република Македонија и е основан на 06.04.1950 година со Уредба број 1183 на Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за наука и култура на РМ (Службен весник бр. 11/50), како самостојна научна институција со посебен национален интерес, која ќе ги обработува придобивките од духовното и материјалното

културно наследство на народите што живеат на нејзина територија. Тогашното именување гласеше: „Фолклорен институт на РМ“.

Во текот на своето постоење и развој, Институтот претрпе неколку трансформации. Од првичното негово именување „Фолклорен институт на РМ“, со Уредба бр. 3447/1 од 26.12.1962 се продолжува со работа на оваа институција, со измена на името во Институт за фолклор. Во 1963 година од овој Институт како посебна научна институција се издели сегашниот Институт за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ во Скопје, а Институтот за фолклор ги задржа само чисто фолклористичките области од науката што најдоа одраз во член 9 од Статутот на Институтот (примен од Советот на Институтот на 27.4.1968 година и потврден од Собранието на СРМ со актот бр. 67 од 19.7.1968 година), со кој Институтот за фолклор во Скопје ја продолжи својата дејност како научноистражувачка институција. Од јуни 1979 година, оваа институција го носи името Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, по најплодниот и познат собирач на македонското фолклорно и етнолошко богатство од минатото. Со ова именување е регистриран во судот и другите надлежни установи. На 31.12.1996 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје од Министерството за наука има добиено Решение број 08-4261/1 за исполнетоста на условите за стекнување на својството: Јавна научна установа. Со донесувањето на Закон за научноистражувачка дејност од 1996 г. (Службен весник бр. 13/1996), Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје работи во согласност со одредбите на овој закон како Јавна научна установа со Статут одобрен од Владата на Република Македонија, број 23-323/9 од 18.02.1997 објавен во Службен весник. Со донесувањето на Законот за научноистражувачка дејност (од 2008 година), Институтот за фолклор „Марко Цепенков“– Скопје работи во согласност со одредбите на овој закон како Јавна научна установа со Статут (арх. бр. 01-344 од 20.10.2010), кој е одобрен од Владата на Република Македонија.

Во делот кој се однесува на студиите од втор и трет циклус студии Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ ги применува следните акти, врз основа на кои се изработуваат елеборатите за акредитацијата на студиите: Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018); Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10); Класификација на научните подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација; Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и за други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12); Правилник за задолжителните компоненти што треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр. 25/11); Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 67/13); Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2010); Правилник за содржината и формата на дипломата, на упатството за изготвување додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 84/09); Закон за признавање на професионалните квалификации (Службен весник на Република Северна Македонија бр.

171/10); Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 65/13); Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.6.2019); Решение за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Северна Македонија и Други акти.

Дејноста на Институтот за фолклор се изведува во два сектора и тоа:

1. Сектор за научноистражувачка дејност;
2. Сектор за стручни и административни работи.

Со Одлука бр. 02-352 од 12.07.2016 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, донесена од страна на Советот на Институтот, како и писмената согласност на Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/3009/2 од 14.07.2016 година се усвоени правилниците за внатрешна организација на ЈНУ Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, и правилникот за систематизација на работните места во ЈНУ Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Со ова е извршено преименување на Одделите во Секторот за научноистражувачка дејност во самата институција и сегашното именување на одделите е следно:

1. Оддел за фолклористика и етнотеатрологија;
2. Етнолошки оддел;
3. Оддел за традиционални уметности и архитектура;
4. Оддел за етномузикологија и етнокореологија;
5. Оддел за истражување на фолклорот и етнологијата на другите народи што живеат во Р. Македонија.

Сектор за стручни и административни работи го сочинува одделот за стручна и општа (административна, правна, сметководствена и техничка) дејност. Во овој сектор спаѓаат и Библиотеката со фонд од над 10.000 библиотечни единици со стручни и научни публикации од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и другите сродни науки, како и Архивот на Институтот за фолклор со над 4.000 единици со фонотечен материјал, фотодокументација со голем број на фотографии, збирки со етнолошки и етномузиколошки материјал (делови од носии, музички инструменти и др.).

## 4. Научноистражувачка дејност

Основните дејности на Институтот за фолклор се одвиваат почнувајќи од теренските истражувања реализирани преку проектите. Материјалите од теренските истражувања, во институтската научно-стручна обработка се подложни на: регистрирање, чување, заштита, обработка и презентирање. Мултидисциплинарниот карактер на истражувањата се темелат на: собирање на производите од народното творештво за време на теренската работа, нивна обработка и публикување за афирмирање на културното наследство коешто се постигнува со нивната презентација, односно дистрибуција во форма на објавени

монографии и зборници во Македонија и надвор од неа. Резултатите од истражувањата се презентираат, но и се објавуваат преку научностручни изданија: монографии и зборници, презентации, учества на национални и меѓународни научни собири, конференции и симпозиуми. Мултидисциплинарниот карактер на истражувањата произлегува од статутарната структура на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, од професионалната екипираност на Одделите, степенот на стручност на научниот кадар и нивните ангажмани, што овозможува интерактивност, транспарентност и научна издржаност на извршените активности.

Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ го издава списанието „Македонски фолклор“, кое е орган на Институтот и излегува два пати годишно, почнувајќи од 1968 година, а последниот излезен број е 84-ти по ред. Списанието на Институтот за фолклор „Македонски фолклор“ е достсапно и во електронска форма. Трудовите кои се објавуваат во списанието подлежат на рецензија. Списанието има меѓународен уредувачки одбор составен од седум членови од Република Северна Македонија и седум членови од странство (Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Полска, Словенија, Русија и Хрватска). Списанието е референтно според списокот на нучни списанија на УКИМ https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=147&glavno=41 и е влезено во базите EBSCO и CEEOL.

Од издавачката дејност треба да се спомене едицијата *Посебни изданија* во која се издадени 88 монографии, освен оваа едиција застапени се и едициите: *Народни песни, Орска (и инстументална) народна традиција*, *Македонско народно творештво* и др. Надводі од овие едиции се објавени во: Библиографија по повод 50 години од формирањето на Институтот за фолклор како и монографијата 70 години Институт за фолклор „Марко Цепенков“. Во изданијата се застапени и колективни монографии посветени на регионалното истражување на фолклорот и етнологијата во Република Македонија; како и едициите *Песни*; *Приказни*; *Легенди*; *Орска традиција*; *Фолклорот на иселениците*, изданија објавени во други земји и др.

Во периодот што е предмет на самоевалуација, научниот и соработничкиот кадар од Институтот учествувал на околу 150 меѓународни и домашни конференции, симпозиуми и семинари и се објавени бројни научноистражувачки трудови. А самиот бил организатор на една домашна конференција наменета за младите фолклористи, студенти на втор и трет циклус на студии по Фолклористика и сродните научни полиња „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22.05. 2022 и две меѓународни конференции: XXI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор под наслов „Традиција, медиуми, дигитален свет“ и „Екоантропологија: помеѓу човекот и околината“. Исто така по повод јубилеите на Институтот беа организирани две конференции: „70 години Институт за фолклор „Марко Цепенков“ и 50 години фолклористичка дејност на Иван Котев“, на 27-28 август 2021, во Струмица. На 01.11.2020 г., Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, во соработка со МАНУ, организираше симпозиум по повод и по повод 190 години од раѓањето и 100 години од смртта на Марко Цепенков „Марко Цепенков, македонската народна култура и фолклористика“, кој се одржа на 1.11. 2020 во Скопје.

Дејноста на Институтот за фолклор во 2006 година е сообразена со Законот за заштита на духовното културно наследство и се одвива во согласност со препораките на УНЕСКО, инкорпорирани во овој закон. Со Решение од Министерството за култура, Институтот за фолклор е овластен субјект за заштита на нематеријалното (духовно)

културно наследство, односно за фолклорните добра (песни, приказни, обичаи, пословици, поговорки и др.). Благодарение на елаборатите изготвени од научниот кадар на Институтот за фолклор, кои послужија како основа за финалната верзија на апликациите, три нематеријални културни добра беа усвоени од УНЕСКО (Копачка, Празникот „Четрсе“ во Штип и Гласоечкото пеење), а културните обичаи поврзани со 1 март (Мартинки) беа претставени како мултинационален проект со Р. Романија, Р. Бугарија и Р. Молдавија. Пролетните веселби – Х’дрлез, заеднички меѓу Р. Македонија и Р. Турција, се влезени во светските листи на УНЕСКО на заштитено нематеријално културно наследство на човештвото, а научниот кадар од Институтот има изготвено 60-тина елаборати за заштита на нематеријално културно наследство кои се влезени на Националната листа за заштита на нематеријално културно наследство. Исто така научен истражувач д-р Велика Стојкова-Серафимовска од Институтот има сертификат издаден од УНЕСКО за лиценциран обучувач за заштита на нематеријално културно наследство според Конвенцијата на УНЕСКО за Заштита на нематеријалното културно наследство на човештвото (Париз, 2003). Дополнително, тројца професори имаат сертификати за обука за заштита на нематеријално културно наследство на национално ниво. Во 2023 година во Институтот за фолклор се одржа работилница со студентите на втор и трет цилус на студии со налов „Механизми на заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство“, со што Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ како единствената лиценцирана установа од овој тип која постигнува врвни резултати и на полето на заштита на нематеријалното културно наследство врши и обука за студенти да можат да работат во оваа наока.

Преку сопствени фундаментални истражувања во доменот на фолклористиката, другите сродни науки, како етнологијата, антропологијата, теоријата на книжевноста, етномузикологијата и др., Институтот ја развива научната мисла и ја организира, координира и управува научноистражувачката работа. Финансирањето на научноистражувачката работа се врши преку изработка на научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Министерството за култура, меѓународни проекти и сл.

Во периодот 2009-2021 година во Институтот се работени 11 проекти одобрнени од МОН во 2009 и 2010 година. Истражувањата вршени во овие проекти се користени за објавување монографии, статии и учества на меѓународни конференции, но и за конципирање на предметните програми на втор и трет циклус на студии.

Во 2021 година одобрен е 1 домашен проект, финансиран од МОН, а истражувањата произлезени од проектот, освен што се користени за објавување во референтни меѓународни списанија и учество на симпозиуми во земјава и во странство, можат да се користат во предметните содржини, а на студентите им се достапни преку литературата (задолжителна или дополнителна) и како архивски материјал. Во 2023 година во рамките на проектот „Меморија и екокосмос“ огранизирана е една работилница со истиот наслов во Кратово 2022 година и меѓународна конференција со наслов „Екоантропологија: помеѓу човекот и околината“, на која учество земаа четририесетина учесници од земјата и странство. Дел од вработените во Институтот за фолклор, во извештајниот период како поединци учествувале во меѓународните проекти на МАНУ, но и биле дел од меѓународни проекти чии носители биле од странство.

Научноистражувачката работа која се реализира во Институтот се гледа и преку објавување на трудови од научниот кадар во различни научни и стручни списанија во

домашни и во странски списанија кои во голем дел имаат и меѓународна редакција. Во периодот на самоевалуација објавени се над стотина статии во меѓународни и домашни публикации, а во истиот период вработените во Институтот за фолклор објавиле 25 монографски изданија во рамките на издавачката дејност на Институтот или за други издавачи во Република Северна Македонија.

## 5. Наставнообразовна дејност

Освен научноистражувачката дејност, Иститутот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, во рамки на своите активности, спроведува и високообразовна дејност од втор и трет циклус студии.

Во наставниот процес на Институтот се вклучени 7 научни советници, 3 виши научни соработници, 3 научни соработници. Наставно-научниот кадар на Институтот, своите магистерски и докторски студии ги завршиле на универзитети, факултети и институти од различни насоки во земјата и странство на кои стекнале дипломи со титули магистер и доктор на науки од подрачјата валидни и применети во слични или идентични институции во светот чија област е фолклористиката. Дел од научниот кадар се предавачи и на катедри на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и на други Универзитети во земјата - Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и на „Американ колеџ“ во Скопје.

Позитивните искуства на вработените во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, здобиени преку досегашните предавања на магистерските студии по Фолклористика, предавањата на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во изминатите години, и на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, „Американ колеџ“ во Скопје, доведоа до согледба дека за идните студенти од големо значење е мултидисциплинарноста. Кадровскиот потенцијал со кој располага Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, кој е вклучен во наставата, потоа, изборот на предметите, отвореноста и флексибилноста на наставната програма, се доволен показател за успешното изведување на наставата.

### 5.1. Студии

Почнувајќи од учебната 2008/09 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ има добиено акредитација за студиската програма по Фолклористика од втор циклус – Решение за акредитација донесено од Одборот за акредитација на високото образование (Службен весник бр. 12 од 26.02.2008), а по претходно донесена одлука на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ за утврдување студиска програма за овие студии (бр. 02-150 од 15.05.2007) и по дадена согласност на студиската програма од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (02-464 од 09.07. 2007), а во 2012 година Министерството за образование и наука на РМ донесува Привремено Решение за почеток со работа на студиската програма од втор циклус последипломски студии по Фолклористика на ЈНУ „Марко Цепенков“ во Скопје (бр. 13-1537/4 од 22.08.2012), кое важи до 15.09.2013 година. На последипломските студии по Фолклористика со 4 семестри, досега магистрираа 9 кандидати и се здобија со Диплома за магистер по фолклористика, со што се стекнаа со 120 кредити според ЕКТС.

Почнувајќи од 2014/15 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ има добиено акредитација за студиската програма „Фолклористика“, втор циклус едногодишни студии – Решение за акредитација донесено од Одборот за акредитација на високото образование (решение бр. 13-130/2 од 20.11.2013 година), а Комисијата за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика формирана од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 15-2448/1 од 29.11.2013, по извршениот увид изготви Извештај бр. 13-869/1 од 21.01.2014 каде што е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник, бр. 103/10, 168/10 и 10/11). Сето ова беше направено по претходно донесена одлука на Научниот совет на Институтот за фолклор за организирање на студиска програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика (бр.02-103, одржан на 28.02.2013), како и по претходна одлука на Универзитетскиот сенат на УКИМ за усвојување на таа студиска програма заведена под бр. 02-671 на неговата 11 седницата одржана на 26.06.2013 година.

Студиите се предвидени во траење од 1 година – 2 семестри и вкупен број на кредити заедно со изработка на магистерски труд во вредност од 60 ЕКТС, студентите се здобиваат со Диплома *магистер по фолклористика*. Студиската програма се состои од задолжителни и изборни предмети, чиј соодност на застапеност е 60%:40%. Од вкупно 40% изборни предмети кои се понудени на листата на изборни предмети, 10% можат да се изберат од листата на Институтот или од друга единица на УКИМ.

Студиската програма по Фолклористика двосеместрални студии од одборот за акредитација доби решение за акредитација под број 1409-64/2 од 28. 3. 2018 г. врз основа на кое Министерството за образовение и наука донесе решение за исполнетот на уловите за работа УП1 бр.14-865 од 13. 4. 2018 г.. По новата, двосеместрална (едногодишна) студиска програма по фолклористика, досега се запишале вкупно 16 студенти, од кои шесмина ги завршија студиите, а до започнувањето на академската 2023/2024 год., со статус на активни студенти се шестмина, кои се во различни фази од студирањето.

Според новата, двосеместрална (едногодишна) програма, досега магистрирале 6 студенти 1. Мелита Ивановска (тема: „Обредната пејачка традиција кај Македонците со исламска религија во Долна Река“, ментор: проф. д-р Родна Величковска); 2. Горан Василески (тема: „Женските обредни поворки во Брсјачката етнографска целина“, ментор: проф. д-р Зоранчо Малинов); 3. Ружица Самоковлија Барух (тема: „Обредноста при воведувањето во статусот жена во македонската традиционална култура“, ментор: проф. д-р Весна Петреска); 4. ДаниелПетровски „Фолклористичко-етнолошки аспекти на нематеријалната култура на Ромите во Шуто Оризари“ (ментор проф. д-р Зоранчо Малинов); 5. Вера Милошевска-Јосифовска „Македонскиот вокален мелос во современ контекст – оживување на една заборавена музика“ (ментор проф. д-р Велика Стојкова-Серафимовска); 6. Лиде Стојновска „Етнолошко -фолклористички потенцијали за развој на етнотуризмот во општина Кратово“ (ментор проф. д-р Золранчо Малинов).

По новата, едногодишна студиска програма Фолклористика, Решение за акредитација 08-1212/9 од 4.10. 2023 во учебната 2023/2024 година запишан е еден студент.

Студиите од трет циклус Фолклористика според новата програма беа одобрени од Одборот за акредитација и евалуација во 2017 година, со решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование од 23.11.2017 год. (бр. 1409-163/2), а решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус по фолклористика, МОН го издаде во јануари 2018 год. (УП1 бр. 14-145).

Реакредитација на студиската програма на тред циклус Фолклористика е одобрена со решение на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование од 17.09.2021, решението за исполнетот на условите за работа е издадено на 2.11.2021 г. бр. 40-11217/1.

Студиската програма од трет циклус (докторски студии) по Фолклористика има два модули: *Рефлексивна фолклористика* и *Апликативна фолклористика*, кои имаат иста структура на предметите според бројот на задолжителните и изборните предмети, како и останатите активности што студентите треба да ги реализираат, што впрочем е регулирано и со законските акти и со Правилниците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Вкупниот број кредити што се стекнуваат со завршувањето на студиите од трет циклус по фолклористика изнесува 180 кредити според ЕКТС, заедно со изработката на докторската дисертација, со завршувањето на третиот циклус студии студентите-докторанди се стекнуваат со научен назив *доктор по фолклористика*.

Со почнувањето на докторските студии, односно на студиите од трет циклус по Фолклористика, конечно целосно се заокружи интенцијата на научниот кадар во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ да го искористи својот потенцијал и на полето на високообразовната дејност, односно, на можноста стекнатото знаење и искуство од своите децениски истражувања да го пренесе и на помладите генерации. Така, освен претходноспоменатите научни работници кои се имаа стекнато со искуство како професори на некои од универзитетите во земјава, со акредитациите на студиите од втор циклус (магистерски) и трет циклус (докторски) студии по Фолклористика, целиот научен потенцијал на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ беше мобилизиран и ставен на располагање за потребите на студиите по Фолклористика. На докторските студии по Фолклористика наставата ја изведуваат 7 научни советници, чие звање според Законот за високото образование е еквивалентно на наставно-научното звање редовен професор, 3 виши научни соработници односно вонредни професори и 1 научен соработник односно доцент, а од нив 6 се имаат стекнато и со акредитација за ментор на докторските студии: проф. д-р Родна Величковска, проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, проф. д-р Весна Петреска, проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова, проф. д-р Зоранчо Малинов и проф. д-р Кристина Димовска.

Од почетокот на докторските студии во учебната 2018/2019 до денес во учебната 2023/2024 година на докторските студии се запишале 9 студенти од кои тројца ги завршиле своите студии со одбрана на докторскиот труд, пет се активни и се во различни фази (семестри) од своето студирање. Во извештајниот период докторските студии ги имаат завршено: 1. М-р Тимко Чичковски „Музичкиот инструмент канон како дел од градската музичка традиција во Македонија“ (ментор проф. д-р Родна Величковска), 2. Стојанче Костов „Орската традиција во источното игроорно подрачје на Македонија (историски и современи аспекти)“; (ментор проф. д-р Родна Величковска); 3. Андријана Јаневска „Македонското традиционално народно пеење во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“ (ментор проф. д-р Родна Величковска).

Освен ангажманот на својот научен и наставен кадар, Институтот за фолклор, во рамките на постдипломските и на докторските студии, има ангажирано, како ментори, и

членови на комисии за одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации и извесен број на истакнати научни и наставно-научни работници од научните и високообразовните установи од земјава и од странство, главно од: Бугарија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина. Во рамките на мобилноста која е предвидена во рамките на докторските студии досега докторандите оствариле студиски престои во Русија, Литванија и Босна и Херцеговина, а исто така учествувале на научни конференции во Русија, Хрватска, Црна Гора и Кина.

Што се однесува до студентите што се запишуваат на студиите од втор и трет циклус по Фолклористика, може да се дојде до заклучок дека добар дел од нив доаѓаат од областа на етномузикологијата, вклучувајќи ги овде како сродни дисциплини и етноорганологијата и етнокореологијата, етнологијата и истражувањето на народната книжевност. Аналогно на нивната квалификација во однос на додипломските, односно магистерските студии, тие најчесто избираат и тема за свое понатамошно научно усовршување, од истата научна дисциплина, иако имаме и неколку случаи кога дипломиран филолог или етнокореолог избира тема што е поблиска до фолклористичката проблематика. Впрочем, испреплетувањето на научно-истражувачките полиња и области на релација: етнологија – фолклористика или обратно (фолклористика – етнологија), често пати било тема на дискусија и на самите работни тела на Институтот за фолклор, со оглед на фактот што според официјалната класификација на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација (Сл. весник на РМ бр. 103/2010), фолклористиката, како наука, се класифицира во научноистражувачкото подрачје: Хуманистички науки (шифра: 6), научноистражувачко поле: Етнологија и етногенеза (шифра: 610) и научноистражувачка област: Фолклористика (шифра: 61008), иако според некои други класификации, фолклористиката се класифицира во Наука за книжевноста.

## 5.2. Студенти

Од основањето на студиската програма по Фолклористика во Институтот за фолклор во 2008-09, во траење од 2 години, до 2012-13, беа запишани 13 студенти на последипломски студии, распределени по години: 2008-09 запишани 4; 2009-10 запишани 4; 2010-11 – 3; 2011-12 запишани 2 студенти и во 2012-13 година нема запишано ниеден студент. Досега со титула магистер по фолклористика се стекнале 9 магистранди. Што се однесува до редовноста на полагањето на испитите може да се констатира дека не беше многу задоволителна и односот беше 50:50.

На студиската програма од втор циклус – едногодишни студии по Фолклористика досега се запишани 16 кандидати односно магистранди: во учебната 2014/15 – 3 кандидати, во учебната 2015/16 – 1 кандидат, во учебната 2016/17 – 2 кандидати и во учебна 2017/18 – 2 кандидати. Во учебната 2018/2019 се запишал – 1 кандидат, во учебната 2019/2020 – 1 кандидат, во 2020/2021 – 1 кандидат. Во последните три учебни години се запишале 2021/2022 – 1 кандидат, 2022/2023 – 3 кандидати, 2023/2024 – 1 кандидат. Што се однесува до редовноста на полагањето на испитите може да се каже дека е задоволителна, а во рамките на оваа студиска програма се одбранети и шест магистерски тези.

Во Институтот за фолклор во периодот од 2008-09 до 2015 година досега успешно се одбранети 11 докторски дисертации според акредитацијата од 2008/2009 година и кандидатите се стекнале со научен титула доктор по фолклористика.

Во академската 2018/19 год., Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ ги доби и првите студенти на студиите од трет циклус, така што на редовниот упис во октомври во 2018 год. се запишаа тројца студенти, а на дополнителниот, во јануари во 2019 год., се запиша уште еден кандидат. Со оглед на тоа што еден од кандидатите имаше завршено 4-семестрални магистерски студии по фолклористика (120 ЕКТС), според тогаш актуелниот Правилник на УКИМ за студирање на трет цикус (докторски студии), нему му беше овозможено директно да се запише во третиот семестар и да биде ослободен од полагањето на предвидените испити во првите два семестри, а наскоро потоа можеше да пријави и тема за докторската дисертација. На трет циклус (докторски студии) според акредитацијата од 2017 година заклучно со септември 2020/2021 година се запишани четири студенти и тоа сите се во учебната 2018/2019 година. На трет циклус студии според акредитацијата од 2021 во учебната 2021/2022 е запишан 1 студент, во учебната 2022/2023 се запишани двајца студенти и во учебната 2023/2024 се запишани двајца студенти. На студиите од трет циклус според новата акредитација досега се запишале 9 студенти. Тројца од студентите запишани во учебната 2018/2019 година ги завршиле своите студии, а четвртиот студент е пасивен. Студентот запишан во учебната 2021/2022 година е пред пријавување на тема на докторскиот труд, а студентите кои се запишани во третиот семестар ги полагаат испитите од првите два и работат на истражувањата поврзани со темата на докторска дисертација. Последните двајца студенти ги започнаа своите докторски студии со предавања по менторски систем. Според евиденцијата редовноста на полагањето на испитите е задоволителна, а во рамките на докторските студии досега се одбранети три докторати.

## 5.3. Студентска анкета

Комисијата за евалуација при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, во функција на подготовка за самоевалуација, спроведе анкета со студентите на втор и трет циклус студии.

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојните студиски програми, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ изврши увид врз квалитетот на наставата преку анонимна студентска анкета. Комисијата за самоевалуација е задолжена за анализа на резултатите, а раководителите на студиите од втор и трет циклус се задолжени да преземат соодветни мерки за подобрување на квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваа студенти-испитаници од сите студиски години. Содржината на анкетата ги содржеше прашања кои се однесуваат на секој предметен професор во наставната програма и се однесуваше на предметите што ги полагале.

Според анкетата спроведена меѓу студентите од втор и трет циклус на студии, може да се заклучи дека студентите високо ја оценуваат обезбеденоста на соодветниот материјал за учење, тежината на испитот и објективноста при оценувањето. Исто така високо се вреднувани и другите прашања поврзани со квалитетот на наставата, односот кон студентите и достапноста на професорите за студентите. Во сите сегменти на наставата, студентите го оценија наставниот кадар во Институтот за фолклор со оценка од 9,94.

Студентите имаат свои претставници во органите на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ каков што е Одборот за соработка и доверба со јавноста на факултетот, а еден од членовите е од редот на студентите.

Студентите се вклучени и во процесот на самоевалуација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“. Имено, како што е пропишано со законските одредби за Евалуација на образовните планови и програми на процесите за настава и учење, се формира комисија за самоевалуација составена од седум члена, од кои пет се избираат од редот на професорите, а два од редот на студентите.

### 5.4 Ангажираност на наставниот кадар во втор циклус студии коишто се во редовен работен однос во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје

Професорите од Институтот за фолклор целосно ги покриваат предметните програми за што сведочи нивната ангажираност при полагањето на предметите од страна на студентите од втор циклус. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ располага со администратор којшто го следи напредокот во студиите на студентите преку системот „Ај ноу“ (IKnow) и којшто комуницира со студентите за сите нивни потреби врзани за испитите (запишување на семестри, внесување на оцени за положени предмети/испити, известувања за сесии по електронски пат, ургирање при непредвидени технички проблеми во врска со системот „Ај ноу“).

При составувањето на програмите се води сметка за рамномерна распределба на предметите, но со оглед на тоа дека изборните предмети ги бираат самите студенти – особено на вториот циклус студии, – доаѓа до повремен дизбаланс во обврските на професорите.

Во рамките на докторските студии исто така се води сметка за рамномерна распределба на предметите според потесните области на професорите кои ги покриваат. Студентите предметите ги избираат во договор со менторот и според темата на истражување, па така оптеретеноста на професорите е во зависност од областите кои се поврзани со полето кое е предмет на интерес на докторандите.

## 6. Меѓународна соработка

Меѓународната соработка на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е видлива со учествата на наставниот кадар на научни собири во странство каде што професорите се поканети како гости-предавачи на институти и факултети во странство, но имаат и свој удел во коменторство, се членови во меѓународни редакциски одбори, членови на организацијата на меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, членови во рамки на склучените договори за соработка на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ со сродни институции од странство. Тука можат да се наведат: Институтот за уметност, фолклористика и етнологија Рилски, при Украинската Академија на Науките, Украина; Институтот за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич“ во Познањ, Полска; Институтот за фолклор и етнологија во Софија, Бугарија; Институтот за славистика од Москва, при Руската Академија на науките; Етнографскиот Институт во Белград при САНУ, Србија; Институтот за етнологија и фолклористика од Загреб, Хрватска,

Национален институт за јазици и ориентални цивилизации (Institut national des langues et civilisations orientales/INALCO), од Париз, Франција. Во тек се и преговори за склучување на соработки со други институции. Соработката е остварена и преку заеднички меѓународни конференции на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“: со Институтот за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич“ од Познањ во 2012 година и печатење на Зборник на трудови од истата конференција во 2015 година; во 2016 година беше организирана научна конференција помеѓу Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и Етнографскиот институт од Белград на тема „Традиција и современост во Македонија и Србија“, а како резултат на конференцијава, во 2017 година, беше отпечатен зборник на трудови. Меѓународната соработка е видлива и во учеството на наставниот кадар од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во меѓународни проекти, како и публикување на научноистражувачки трудови од научниот кадар во домашни и странски списанија со меѓународна редакција.

Препознатливоста на Институтот за фолклор во меѓународни рамки се гледа и во поканата од Центарот за усна традиција на Универзитетот Мисури, САД (Center of the Oral Tradition, University of Missouri, USA) кој е дел од Меѓународното друштво за студии по усна традиција (International Society for Studies in Oral Tradition), за промовирање на импресивната колекција од архивскиот фонд на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, со главен акцент на препознатливоста на истражувањата на теоријата на изведбата, како и изведбата на фолклорот. Со ова, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ би влегол во Меѓународното здружение за проучување на усната традиција. Исто така, Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е влезен во Европските фолклорни архиви на асоцијацијата Мрежа за верувањата како наратив (Belief Narrative Network – BNN) во рамките на Меѓународното друштво за истражување на фолклорни наративи (International Society for Folk Narative Research – ISFNR).

## 7. Логистика

### 7.1. Просторни и технички услови за студирање

Според документацијата, наставноистражувачкиот простор е со вкупна површина од 460 $м^2$, кои се состојат од приземен дел од 320 $м^2$ (17 работни простории, библиотека, архив, ходници, санитарен дел, кујна), со потребната опрема и училиштен инвентар во предавалните, како и со книжевен фонд; потоа има подрумски простории од 140 $м^2$ (4 простории: депо за библиотека, 2 простории за архив и збирки, 1 просторија за изданијата на Институтот и 1 студио за снимање).

Во поглед на техничките можности, студиите се изведуваат со постојната опрема која служи и за истражувачки цели: аналогно и дигитално снимање, преснимување, монтирање и репродуцирање.

### 7.2. Библиотека и библиотечен фонд и Архив

Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ располага со сопствена библиотека која е релативно добро снабдена со фолклористичка литература од различни области, како во поглед на научни книги, научни списанија, така и со сопствени изданија, со вкупен фонд

од над 10.000 библиотечни единици. Во последните години може да се констатира и недоволна снабденост со најновите научни достигнувања што се должи на финансирањето од страна на надлежните министерства. Но, сепак научниот кадар се труди да биде во тек со најновите достигнувања и преку најразличен вид гостувања во странство (научни собири, предавања, студиски претстои) успева да набави дел од литературата, која исто така им е достапна и на студентите.

Библиотеката им е на располагање на студентите, а има и доволен број седишта да можат да работат во библиотека.

Институтот за фолклор располага и со сопствен архив во кој се архивирани над 4.000 снимени аудио ленти, богат фонд на фотодокументација со над 6.000 фотографии, збирки од текстилни предмети, обредни лебови, музички инструменти итн. Она што мора да се направи во најскоро време, а што повторно е зависно од финансирањето на надлежните министерства е дигитализацијата на архивските материјали, со цел да се зачува огромното богатство на духовното творештво собрано од почетоците на основањето на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“. Од периодот на самоевалуацијата спроведена во 2020 година па до денес, дигитализацијата на архивските материјали е започната и успешно се одвива, но таа е сепак зависна од финансиски средства, особено ако предвид се земе огромното богатство содржано во Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ коешто е уникатно и незаменливо.

## 8. СВОТ (SWOT) анализа

Врз основа на сите прибрани податоци и сознанија кои се предмет на разгледување во рамките на самоевалуацискиот процес, Комисијата за самоевалуација за првпат во овој самоевалуациски извештај направи СВОТ (SWOT) анализа, каде што се утврдени повеќе предности (strengths), слабости (weaknesses), можности (opportunities) и закани (threats) во квалитетот на реализацијата на високообразовната и научноистражувачката дејност, на управувањето, финансирањето, академските и другите активности и приоритети на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“. Тоа се следниве состојби:

**S (**Предности) – Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е јавна научна установа во која редовно се следат и се спроведуваат промените како во науката така и во високото образование, наставните програми и наставните содржини, а студиите од втор и трет циклус ги содржат најсовремените научни пристапи кон фолклористиката, со што Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ располага со солиден и докажан наставен кадар;

**W (**Слабости) – И покрај прикажаната научноистражувачка активност, сепак, на мислење сме дека научноистражувачкиот потенцијал на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ не е доволно искористен за откривање на нови научни сознанија и за унапредување на научната мисла. Една од причините е недостаток на материјални (финансиски) средства, но и несоодветно вреднување на научноистражувачката работа на ниво на државата. Во оваа смисла би го спомenале само нефинансирањето на проектите и издавачката дејност од страна на Министерството за образование и наука. Потребно е да се вложат напори за доекипирање на дефицитарниот наставнонаучен кадар, продолжување и продлабочување на меѓународната соработка и унапредување на неповолните просторни и материјални ресурси.

**О (**Можности) – Институтот има потенцијал за интензивирање на апликативната дејност, меѓународната соработка и соработката со сродните институции. Тука спаѓа развивање на онлајн настава, особено ако се има предвид интересот на студенти од странство за студирање на постојните студиски порограми, а исто така и развивање на електронска библиотека и дигитална дата база на податоци. Постојат отворени можности за ангажирање на научноистражувачки подмладок преку промоција на проекти и можности за истражување; развој на програми за мобилност и зголемување на бројот на мобилности на наставниот кадар и студентите од трите циклуси на студирање; како и развој на програми за учење од далечина и доживотно учење.

**Т (**Закани / Ограничувања) – Неповолната состојба со материјалните услови кои зависат од финансирањето од страна на Министерството за образование и наука се рефлектира врз квалитетот и ангажманот на сите чинители. Отсуство на модел за буџетско финансирање на научноистражувачката работа, како и ниското ниво на плати, заедно со рестриктивната политика на вработување води кон неповолна старосна структура на научниот и наставниот кадар.

## 9. Заклучни согледувања

Добиените резултати сведочат за високиот степен на компетенција и професионалност во начинот на презентирање на наставните содржини, во поттикнувањето на интерактивноста во текот на наставата кај професорите вклучени во наставниот процес на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и студентите, што може да се забележи преку предметните содржини, достапноста до наставниот кадар вон наставата, како и начинот на оценување.

Компетентноста на професорите се гледа и преку нивната меѓународна соработка остварена преку учествата на научни собири, публикување на нивни трудови во странски списанија, во цитираните дела од наставниот кадар од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, во потпишаните договори за соработка со сродните институции во странство, во ангажираноста на дел од професорите на други универзитети во земјата и странство и сл.

Комисијата смета дека научноистражувачката работа има висок степен на вклученост во наставата што се гледа преку предметните содржини, задолжителната и дополнителната литература, како и подготовката на студентите за научна работа што се гледа и преку начинот на оценување, во кое семинарските работи се дел од оцената (односно комбинација на теоријата и практиката). Сметаме дека резултатите би биле многу поголеми, доколку не постоеше несоодветната валоризација на научноистражувачката работа и недостатокот на средства за фундаментални научноистражувачки проекти. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ се соочува со финансиски ограничувања во поглед на научноистражувачките проекти, со подршка на истражувачите на студиски престои во странство, со издавачката дејност, како и со набавка на странска литература која, до одреден степен, научните истражувачи успеваат да ја набават преку воспоставени контакти.

Просторно-техничките услови се на задоволително ниво, постои интернет конекција, а на располагање на студентите им се библиотеката и Архивот на Институтот за фолклор

„Марко Цепенков“, кој постепено се дигитализира благодарение на вработените во Институтот за фолклор.

Наставниот кадар од Институтот за фолклор работи на постојано прилагодување на наставата за студентите, на следење на најновите фолклористички достигнувања кои би им биле од полза на студентите во покажувањето извонредни резултати.

Комисијата смета дека резултатите од овој извештај би требало да бидат доставени до релевантните институции, како и да бидат истакнати на интернет страницата на Институтот со цел пошироката јавност да има увид во квалитетот на работата на Институтот, но и на богатството на архивски материјали коишто може да ги понуди.

Скопје, декември 2023

1. Д-р Катерина Петровска-Кузманова – претседател
2. Д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, научен советник – член
3. Д-р Актан Аго, виш научен соработник – член
4. Д-р Кристина Димовска, виш научен соработник – член
5. Д-р Стојанче Костов, научен соработник – член
6. М-р Мелита Ивановска, докторанд – член
7. Дамјан Серафимовски , магистранд – член